2024 • **4 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



## Систем за вечен другар

# Содржина

**На насловната страница:** На 11 години, Мика слушнал приказна за мисијата од кампот Поларис во Аљаска и се запрашал како би било да се работи таму. Шест години подоцна, дознал. Приказна, страница 24.










## HOLBROOK, ARIZONA

## ХОЛБРУК, АРИЗОНА (САД)


**4** Замолкнување на ноќните шетачи | 5 октомври T

**6** Момент да се прекине? | 12 октомври

**8** Повик за будење | 19 октомври

**11** Борба за саботата | 26 октомври T


## ПЕЈЏ, АРИЗОНА (САД)


**14** Совршениот имот | 2 ноември

**17** Чекање на обредот Господова вечера | 9 ноември

**19** Тоа беше Исус | 16 ноември T


## АЛЈАСКА (САД)


**22** Средба со злото | 23 ноември T

**25** Момчето кое постојано прашувало зошто | 30 ноември

**27** Зошто Калеб се насмевнува? | 7 декември T

**30** Вечен пријател | 14 декември T

**32** Посматрај и моли се | 21 декември T

**35** Програма на Тринаесеттата сабота: Уцена | 28 декември T

**38** Идни проекти на Тринаесеттата сабота

**39** Мапи











T = *стории кои можат да бидат од особен интерес за тинејџерите*

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH

©2024 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved

12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се сосредоточиме на Северноамериканската дивизија (САД), која вклучува 10 држави и територии: САД, Канада, Сент Пјер и Микелон, Бермуди, Гуам, Островот Вејк, Северните Маријански Острови, Палау, Маршалските Острови и Федералните држави на Микронезија.

Во оваа дивизија живеат 372 милиони луѓе, вклучувајќи 1,2 милиони членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува сооднос од 1 адвентист на секои 304 луѓе.

Можеби се прашувате дали Северноамериканската дивизија навистина останува мисиско поле во 21 век. Додека патував низ таа дивизија за да ги соберам мисионските искуства за ова тримесечје, се потсетив дека пред нас е огромното дело на објавување на вечното евангелие меѓу домородното население. Во Аљаска, на пример, има повеќе од 200 домородни заедници, но адвентистичката црква е присутна само во 11 од нив. „Потребни ни се мисионски ориентирани работници кои ќе работат и служат во Аљаска", вели Танди Перкинс, директор за развој на област која дејствува на Аљаска и која ми помогна во координацијата околу мојата посета." Исто така, ќе најдете стории поврзани со претходните проекти на Тринаесеттата сабота во градовите Холбрук и Пејџ, во Аризона.

Како дел од напорите на мисијата, оваа дивизија избра 3 проекти кои ќе добијат дел од средствата на Тринаесеттата сабота ова тримесечје. Информациите за проектите за Тринаесеттата сабота во ова тримесечје се наоѓаат на страничната лента подолу.

Вашата поддршка за мисијата е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



Ендрју Мекчесни
уредник на
списанието

## Можности

**Даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за три проекти на Северноамериканската дивизија:**

- **Изградба на центар на влијание за локалното домородно население во Бетел, Аљаска (САД).**
- **Изградба на мисионски центар за заседанието на Генералната конференција во Сент Луис, Мисури (САД) во 2025 година.**
- **Изградба на центар за урбан живот и основање на црква во Балтимор, Мериленд (САД).**



АРИЗОНА | 5 октомври 2024

# Замолкнување на ноќните шетачи

Алисон

Алисон, инструкторка за јавање во адвентистичкото индијанско училиште Холбрук, првпат слушнала за ноќните шетачи кога една од ученичките остро ѝ рекла да престане да свирка во мракот.

„Веднаш престанете да свиркате!“, се обратила девојката до Каи.

„Зошто?“, прашала Алисон која уживала да свирка и кога е мрак и кога е светло.

Каи исплашено објаснила дека свирежот во темнина е повик за ноќните шетачи. Во нејзината Навахо култура, ноќните шетачи се зли вештерки кои имаат моќ да се трансформираат во животно.

Алисон ја уверила девојката дека Бог е помоќен од секаков ноќен шетач и ако се приклучи на Божјиот тим, нема да има од што да се плаши. „Мислам дека ќе продолжам да свиркам“, рекла таа учтиво. Кога Каи видела дека Алисон не се плаши и сфатила дека и таа може да биде дел од Божјиот тим, престанала да се плаши.

Каи не била единствената девојка која се плашела од ноќните шетачи во Холбрук.

Петнаесетгодишната Енола секоја вечер ја водела својата другарка со себе кога одела во училишната штала да го нахрани и напои својот коњ како дел од наставата по коњарство. Таа прво побарала дозвола, а Алисон, гледајќи дека девојката се плаши од мрак, се согласила, велејќи: „Во ред е сè додека не трае подолго отколку што е потребно за да ја завршиш твојата работа“.

Потоа едно утро Енола изјавила дека била сама во шталата претходната вечер.

„Отидов во шталата да го посетам коњот сама за прв пат“, рекла таа.

Алисон изразила изненадување. „Не повика никого да дојде со тебе?“

„Не“, одговорила Енола.

„Зар не се исплаши од мракот“

Енола прилично дрско одговорила: „Па, да. Зошто мислиш дека секогаш носам некого со себе?“

„Значи, дали се уплаши?“ праша Алисон.

„Да, секако“, одговорила девојката. „Но, некако сакав да видам дали нешто ќе се случи.“

„Што сакаш да кажеш?“

„Па, не се чувствувам безбедно овде во мракот. Ноќните шетачи можат да дојдат“.

Тогаш Алисон го разбрала стравот на Енола од мракот.

Таа рекла: „И…?“

„И … ништо не се случи!“, извикала Енола.

„Се разбира дека ништо не се случи!“, рекла Алисон.

„Не, не разбираш“, рекла девојката. „Еднаш за малку ќе ме фатеа. Но тогаш сфатив дека сум толку глупава. Зошто би ме фатиле овде?“

„Кажи ми повеќе за тоа“, додала Алисон.

„Па, како ништо да не можат да ми направат кога сум на училишниот кампус. Понекогаш се прашувам: ‚Кога едната нога би ја ставила на едната страна од главната капија, а другата на другата страна, дали ќе можат да ми наштетат поради половина од моето тело?‘“

Се насмевнала.

Алисон се насмевнала. Ѝ било мило што ја видела Енола како сведочи за моќта на небесниот Бог во училишниот кампус во Холбрук, Аризона. Одлуката на Енола да оди сама во шталата кога е темно, било можност Бог да докаже дека Тој е навистина достоен за доверба. Навистина е добро да се биде во Неговиот тим!

AMsda.org/A2441

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓаат Холбрук и Аризона на картата на светот.
- Името на девојката е сменето за да се заштити нејзината приватност.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Оваа дивизија се состои од осум унии. Има 5.262 цркви, 799 друштва и 1.089.385 членови. Во популација од 332.903.000, ова претставува соодност од 1 адвентист на секои 306 луѓе.
- Дивизијата е основана во 1913 г. и ја делела истата зграда со Генералната конференција до 2017 година, кога се преселила на нова локација во Колумбија, Мериленд.
- Дивизијата ја надгледува работата на црквата во САД, Канада, островските држави Сент Пјер и Микелон, Бермуди, Гуам, Вејк, Северните Маријански Острови, Палау, Маршалските Острови и Сојузните Држави на Микронезија.

Ова искуство ја потсетило Алисон на тоа дека Холбрук е вистинско мисионско училиште во Америка. „Ова е широко мисионско поле.“

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што го поддржаа индијанското адвентистичко училиште Холбрук во 2018 и 2021 година, помагајќи да се изгради нов училишен центар на кампусот, каде што Бог престојува, а учениците не треба да се плашат од ноќните шетачи.

Ендрју Мекчесни



АРИЗОНА/САД | 12 октомври 2024

## Време да прекине

Педро

Тоа бил тежок ден. Педро сфатил дека дошло време да поднесе оставка од својата позиција како директор на адвентистичкото индиско училиште Холбрук во Аризона.

„Мислам дека тоа е тоа“, ѝ рекол тој на сопругата. „Мислам дека е време да најдам друга работа.“

Тоа било почеток на 12-тата година од работењето на Педро како директор. Само што завршил со тешките разговори со неколку членови на колегиумот. Размислувал за предизвиците на новата учебна година. Товарот се чинел преголем.

Но тогаш се сетил дека првиот ден кога станал директор, му дал ветување на Бога. Се молел: „Боже, Те молам да ми помогнеш на овој пат. Ќе останам овде додека не кажеш поинаку“.

Сега, во овој тежок ден, Педро имаше уште еден разговор со Бога.

„Се сеќавам на моето ветување“, рекол тој. „Не сакам да го прекршам. Затоа, дали Ти ми кажуваш дека е време да одам?“

Тој не добил веднаш одговор. Го направил она што често им го кажувал на професорите и на учениците во училиштето Холбрук да го прават. Чекал Бог да биде Бог.

Поминала една седмица. А тогаш Педро слушнал дека девојче кое две години порано завршило прво одделение во Холбрук, сакало да се врати.

Девојчето Рејни било вредно и многу паметно. Нејзината мајка две години ја држела подалеку од училиштето поради страв од Ковид. Многу индијански родители ги држеле своите деца надвор од училиштето во текот на тие две години. Педро бил тажен што ја гледа како си оди, а сега сакал таа

да се врати. Сепак, тој беше скептичен во врска со веста за нејзиното враќање. Тој веќе двапати слушнал дека таа можеби ќе се врати, но тоа никогаш не се случило.

Набргу дознал дека мајка ѝ на Рејни сака да закаже интервју со него. Педро разговарал со сите ученици кои се враќале по подолго време.

Се трудел да не се вознемирува премногу бидејќи не бил сигурен дека девојчето ќе се појави.

Кога нејзината мајка го закажала разговорот во 10 часот во петокот наутро, тој бил обземен од емоции. Педро помислил: „Сепак, ова навистина се случува!“

Во петок наутро автомобилот застанал на паркингот пред училиштето. Педро од прозорецот на неговата канцеларија гледал како некој излегува од автомобилот. Тоа била Рејни и нејзината мајка. Тргнале кон управната зграда.

Тој отишол до стаклената влезна врата на управната зграда за да ги поздрави, се доближил со лицето и носот до стаклото и ѕирнал надвор. Рејни го

AMsda.org/A2442

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓаат Холбрук и Аризона на картата на светот.
- Полното име на директорот на ова училиште е Педро Оједа.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Во мај 1863 г., состанокот на адвентистите собрани во Бетл Крик, Мичиген довел до формирање на она што сега се нарекува Адвентистичка црква на седмиот ден.
- Првиот мисионер адвентист бил Ј. Н. Ендрјус, кој бил испратен во Англија и Швајцарија во 1874 г. за да им помогне на тамошните адвентистички црковни водачи.
- Дезмонд Дос се приклучил на американската армија за време на Втората светска војна, но поради неговите лични убедувања како адвентист, тој одбил да убива други и да носи оружје, и затоа станал борбен лекар. За време на битката кај Окинава, тој спасил животи на најмалку 75 војници, со што го заслужил Орденот на честа. Тој бил единствениот војник без оружје, кој ја добил оваа чест.
- Д-р Бен Карсон е познат адвентистички американски неврохирург, кој во 1987 година бил првиот кој успешно извршил хируршка операција за одвојување на близнаци споени на челото.

видела и радосно потрчала кон него.

Кога се приближила, Педро ширум ја отворил вратата, а таа потрчала во неговите прегратки. Тоа била чиста љубов. Во тој момент знаел дека го добил својот одговор. Сè уште не било време тој да го напушти Холбрук. Бог сè уште имал план за него во тоа училиште.

„Ни недостигаше“, ѝ рекол тој.

„И вие мене ми недостигавте“, одговорило девојчето.

„Мило ми е што те гледам.“

„И мене ми е мило што вас ве гледам.“

По разговорот, Рејни прашала дали може да се прошета низ кампусот. Ѝ недостасувале лулашките, тобоганот и другата опрема на игралиштето.

„Да, но те молам јави се пред да си одиш дома, за да те поздравам“, рекол тој.

Малку подоцна Рејни се вратила во неговата канцеларија.

„Во ред, сега си одиме“, рекла таа.

„Едвај чекам да те видам на денот кога ќе тргнеш на училиште“.

„Може ли тоа да биде порано?“

„Молам? Сакаш да дојдеш овде порано?“

„Да“.

„Посакувам да можам да го направам тоа за да ти излезам во пресрет.“

„Зар не сте вие директорот? Можете да правите што сакате!“

Навистина, Педро можеше сè, но само со Бога.

„Сè можам преку Христа, Кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13).

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота кои го поддржаа индијанското адвентистичко училиште Холбрук во 2018 и во 2021 година. Вашите средства сега ќе бидат употребени за да се изгради нова спортска сала и повеќенаменска зграда на кампусот.

Ендрју Мекчесни



АРИЗОНА/САД | 19 октомври 2024

# Повик за будење

Мариса

Мариса ненадејно се разбудила во 2:30 таа ноќ. Немало причина за да се разбуди. Таа длабоко спиела во својот стан на третиот кат од зграда во градот Спокејн. Се прашувала дали треба да оди во тоалет.

Неколку минути подоцна се вратила во спалната соба од бањата и низ прозорецот забележала необичен жолт сјај. Видела пламени јазици кои допирале до ѕидот од нејзината спална соба. Нејзината зграда била во пламен.

Мариса ги повикала своите две кучиња, Меги и Дејзи. „Дојдете!“ Кучињата се криеле во аголот од собата. Почувствувале дека нешто не е во ред.

На повик на Мариса, кучињата ја следеле во дневната соба. Ја отворила влезната врата од станот, а црн чад се обидел да влезе внатре. Таа брзо ја треснала вратата. „Дојдете!“, рекла таа. Отишле на балконот.

Гледајќи надолу од третиот кат, видела како луѓето панично трчаат наоколу. Нејзината зграда се наоѓала спроти паркот во кој спиеле бездомници. Тие избезумено удирале по прозорците и вратите, повикувајќи ги луѓето да се разбудат и да излезат од своите станови. Еден човек изгледало како да е главен, па Мариса повикала кон него. „Помош!“ извикала таа. „Не знам што да правам, не можам да излезам од мојата влезна врата“.

Човекот го кренал погледот и многу сериозно ѝ довикнал. „Ако сакаш да живееш, мора да скокнеш“.

„Но, јас имам две кучиња“.

„И тие треба да скокнат долу.“

Мариса грабнала едно куче и го пуштила долу, а потоа и другото.

AMsda.org/A2443

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓаат Холбрук и Аризона на картата на светот.
- Гледајте го краткиот клип од Мариса со Меги и Дејзи на YouTube: bit.ly/NAD-Marisa.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Државното знаме на Соединетите Држави има 13 ленти, што ги претставуваат 13-те британски колонии и 50 бели ѕвезди на темносина заднина, што ги претставува 50-те сојузни американски држави.
- Национално животно на САД е бизонот, националното дрво е дабот, националната птица е орелот, а националното цвеќе е ружата.

Тогаш самата се качила на оградата на балконот и од балконот на вториот кат скокнала право на земја.

Се здобила со модринки и истегнување на зглобот, но не гледала на тоа. Во моментот била загрижена за кучињата. „Меги!“, го викала кучето плачејќи. „Дејзи!“

Сосетката ѝ кажала дека видела како кучиња безбедно скокнале и потрчале кон блискиот парк. Тоа било големо олеснување за неа. Тргнала кон паркот, довикувајќи ги. Но немало ни трага од кучињата.

Мариса се сетила дека нејзиниот мобилен телефон останал во станот. Единствениот телефонски број што го знаела напамет бил бројот на нејзиниот брат. Позајмила нечиј телефон и му се јавила. Тој одговорил на вториот повик. Се изненадила. Обично спиел цврсто и многу тешко се будел. Мариса му кажала што се случува. „Дојди кај мене за да ми помогнеш да ги најдам кучињата“, му рекла таа.

Нејзиниот брат набрзо дошол и тие двајца се возеле наоколу барајќи ги кучињата. Пристигнале и противпожарни возила.

„Мислам дека треба да се вратиме во паркот“, му рекла таа на својот брат.

Во паркот ги довикувала кучињата, и тогаш Меги дотрчала. Мариса била многу среќна! Паднала на земја плачејќи и гушкајќи го кучето.

Биле потребни 17 часа за да се најде Дејзи. И соседите помагале пребарувајќи ги околните улици. Еден социјален медиум за исчезнати миленичиња објавил предупредување. Мариса била интервјуирана од локалниот телевизиски канал прашувајќи за кучето, а полицијата дури издала и налог за пребарување.

Таа ноќ се јавил братот на Мариса за да ѝ каже дека Дејзи е пронајдена. Тој го извикувал нејзиното име шетајќи по улицата, а кучето го препознал неговиот глас и дотрчало до него. Случајните минувачи ги извадиле мобилните телефони и ја снимиле радосната средба на Мариса со кучето.

За Мариса тоа била ноќ на чудо. Таа изгубила сѐ во пожарот. Но Бог го спасил нејзиниот живот и животот на нејзините кучиња.

Но зошто?

Додека Мариса се молела за одговор, почувствувала дека Бог ѝ зборува: „Затоа што сѐ уште не сум завршил со тебе“. Овие зборови биле мелем за нејзината душа“.

Мариса работела како социјален работник кој се грижи за менталното здравје на децата и младите. Била вработена од страна на државата да работи со малолетници при верски организации.

Меѓутоа, кога дошол Ковидот, таа останала без работа. Обично оптимистична, таа се нашла во

мрачен период од кој не можела да се извлече.

Огнот ја оттргнал од длабочините на безнадежноста и тагата. Сфаќајќи дека Бог не ја завршил својата работа со неа, таа се сетила на нејзиниот повик да работи со деца и решила да се врати на тоа.

Неколку месеци подоцна, таа се преселила во Аризона за да работи како прецепторка во женскиот дел во индијанското адвентистичко училиште Холбрук. Во женскиот дом таа надгледува неколку десетици девојки со помош на нејзините верни придружнички Меги и Дејзи, кои девојките ги сакаат.

Не можела да биде посреќна.

„Не можам да замислам да работам што било друго.“

Оваа мисионска сторија нуди внатрешен увид, зад сцената на индијанското адвентистичко училиште Холбрук, кое доби дел од средствата од даровите на 13-тата сабота собрани во 2018 и 2021 г. Средствата беа употребени за изградба на центар за поквалитетен живот на младите во Холбрук.

Ви благодариме што планирате да издвоите средства за дарот на 13-тата сабота во ова тримесечје, кој ќе се употреби за ширење на евангелието во Северноамериканската дивизија.

Ендрју Мекчесни





АРИЗОНА/САД | 26 октомври 2024

## Борба за саботата

Ана

Ана не сакала да стане адвентист. Таа ја сакала црквата од нејзиното детство на Филипините и не сакала да ја празнува саботата наместо недела. Но, како што ја проучувала Библијата, се уверила дека седми ден е сабота и сепак одлучила да стане адвентист.

Потоа се појавиле проблеми на работното место.

Ана предавала математика во основно училиште на ученици со посебни потреби. Тоа била нејзината прва година на работа, и била обврзана да посетува настава во сабота за да магистрира дефектологија. Ана разговарала со градскиот началник на државната училишна управа.

„Не можам да одам на часови во сабота бидејќи сум адвентист на седмиот ден“, рекла таа.

„Ако не сакате да доаѓате на тие часови во сабота, тогаш ќе останете без работа", одговорил началникот.

Ана се исплашила. Таа го издржувала семејството. Посетувала настава во сабота во текот на еден семестар. Меѓутоа, совеста ја мачела и престанала да оди на тие часови.

„Не можам да го сторам тоа", му рекла на началникот.

На нејзино изненадување, тој одговорил: „Тоа е ваша одлука".

Потоа дознала дека не може да биде отпуштена. Кога првпат побарала да не оди на часови во сабота, била на пробна работа. Но, во меѓувреме ѝ завршил пробниот период, и таа не можела да биде отпуштена. Си ветила сама на себе дека никогаш повеќе нема да ја крши саботата.

Ана предавала во училиштето девет години.

Додека била таму, се соочила со нов предизвик да работи во сабота кога преку агенција за вработување се пријавила за работа како учителка. Едно училиште во Калифорнија било подготвено да ја вработи, но сакало да направи интервју за работата во сабота.

„Не можам да го направам интервјуто во сабота", ѝ рекла таа на службеничката. „Тоа е денот кога одам во црква".

Ана размислувала дека можеби Бог не сака таа да работи во Соединетите Држави. На службеничката ѝ рекла: „Веќе не ја сакам работата. Отстранете го моето барање од вашата база на податоци".

Поминало еден месец, а агенцијата за вработување повторно се јавила. Училиште во Аризона било заинтересирано да ја вработи.

„Може ли да го направам интервјуто друг ден, а не во сабота?", прашала таа.

„Интервјуто можете да го направите во кој било ден во текот на седмицата", рекла службеничката.

Ана го закажала интервјуто за петок, а училиштето ѝ понудило работа четири дена подоцна.

Била одушевена и го славела Бога. Градскиот началник на школската управа се изненадил кога Ана дошла со оставка. Подоцна дознала дека тој неколку пати се обидел да се вработи како учител, но никогаш не ја добил работата.

Ана осетила дека Бог ја води, бидејќи го почитува Неговиот свет ден.

Саботните искушенија не завршиле со заминувањето во САД. Набргу по пристигнувањето во Аризона, новиот директор ѝ рекол на неа и на другите наставници дека треба да посетуваат посебни семинари за обука во сабота.

Ана се молела: „Господи, тука сум затоа што ја празнував саботата и знам дека ќе ми помогнеш и сега".

Таа отишла кај директорот. „Не можам да присуствувам на семинарот за обука“, рекла. „Верувам дека саботата е света и треба да ја празнувам и да ја држам света.“

Директорот одбил каков било компромис. „Ако не одите на обука во сабота, ќе ве отпуштам поради непослушност“, одговорил тој.

Ана останала на своето. „Во Америка владее верска слобода“, рекла таа. „Тука сум затоа што се борев за саботата.“

Потоа ја споделила својата приказна и дала кратко библиско објаснување за саботата.

Директорот бил вознемирен. Но тој ѝ понудил да не присуствува на семинарот во сабота, ако градскиот началник на државните школи даде своја дозвола.

Ана разговарала со началникот, а тој го потпишал писмото давајќи ѝ дозвола. „Можете да го славите Бога секој ден“, рекол тој.

Ана му го предала писмото на директорот. „Се извинувам“, ѝ се обратил тој. „Но, најдете начин сами да го одработите саботниот семинар.“

Ана не знаела што да учи, па се помолила. Следниот ден, таа го видела инструкторот одговорен за обука во нејзиното училиште. „Не можам да доаѓам на обуката бидејќи сум адвентист на седмиот ден и ја празнувам саботата“, му рекла таа.

AMsda.org/A2444

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓаат Холбрук и Аризона на картата на светот.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Границата меѓу САД и Канада е најдолгата меѓународна граница во светот со 8.891 км.

„Ајде да одиме кај директорот“, одговорил инструкторот. „Сакам да му кажам нешто.“

Во кабинетот на директорот инструкторот рекол: „Ќе одржувам обука во недела само за Ана“.

„Во ред, проблемот е решен“, рекол директорот. Свртувајќи се кон Ана со насмеано лице. „Вие сте благословени затоа што сте верни“.

Потоа се случило нешто неверојатно. Меѓу директорот и Ана се развила топла пријателска врска. Тој ѝ станал како татко. Бил тажен кога видел дека Ана заминува неколку години подоцна, кога осетила дека Бог ја повикува да предава во адвентистичкото индијанско училиште Холбрук, оддалечено еден час возење од тоа место.

Денес Ана е учителка по математика во Холбрук. Таа е среќна што е адвентист и ужива да ги учи учениците по математика и за саботата. „Се застапував за саботата и Бога, и Тој ми помогна.“

Оваа мисионска сторија нуди внатрешен увид, зад сцената на индијанското адвентистичко училиште Холбрук, кое доби дел од средствата од даровите на 13-тата сабота собрани во 2018 и 2021 г. Средствата беа употребени за изградба на центар за поквалитетен живот на младите во Холбрук.

Ви благодариме што планирате да издвоите средства за дарот на 13-тата сабота во ова тримесечје, кој ќе се употреби за ширење на евангелието во Северноамериканската дивизија.

Ендрју Мекчесни



АРИЗОНА/САД | 2 ноември 2024

## Совршен имот

### Адвентистичка црква на сите народи Пејџ

Адвентистите сакаа да основаат црква на резерватот Навахо во американската држава Аризона. Членовите на црквата од целиот свет придонесоа за овој проект со своите дарови на 13-тата сабота во 2011 година. Но, постоеше голем проблем: каде да се отвори црква.

Градот Пејџ, кој се наоѓа на границата со резерватот Навахо, беше избран за идеална локација. Меѓутоа, црквата не можеше едноставно да се изгради. Градските власти имаа правило сите цркви да бидат сместени на одредена улица. Таа улица била толку позната по своите различни црковни градби за богослужба што била наречена „Ред од цркви“ и „Света улица“.

Но на таа улица немало каде да се изгради нова црква. Така, единствената опција била да се купат некои од постојните црковни објекти доколку сопствениците се спремни да ги продадат.

На улицата имало црковен објект кој не се користел. Јужната баптистичка црква пропаднала, бидејќи нејзините членови остареле и починале.

Постар ѓакон, одговорен за црквата, одлучил да го стави имотот на продажба.

Бил повикан проценител за да ја утврди вредноста на имотот. Тој рекол дека вреди 850.000 американски долари.

Но, адвентистичката црква немала 850.000 долари.

Средствата собрани за новата црква од дарот на Тринаесеттата сабота биле мали. Дури и со придонесите од Северноамериканската дивизија и другите црковни институции кои вообичаено се додаваат на даровите на 13-тата сабота, немало доволно пари за имотот. Адвентистичките водачи разговарале со ѓаконот и се молеле.

Меѓутоа, за овој имот не биле заинтересирани само адвентистите.

Земјиштето имало добра локација на главниот пат на

AMsda.org/A2445

## Во врска со искуството

- Покажете ги градот Пејџ и Аризона на картата на светот.
- Прочитајте повеќе за активностите на пасторот Џејмс и неговата сопруга Ненси во црквата Пејџ во мисионската сторија за следната сабота.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во поголемите градови, преку прозорецот 10/40 меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Соединетите Американски Држави немаат официјален јазик. Во земјата се зборува на повеќе од 350 јазици, меѓу кои најзастапени се англискиот (245 милиони/78,5%) и шпанскиот (41,3 милиони / 13,2%).
- Реката Мисури е најдолгата река во САД и е долга 3.767 km. Тече низ седум американски сојузни држави: Монтана, Северна Дакота, Јужна Дакота, Небраска, Ајова, Канзас и Мисури.
- Најжешкото место во САД е „Долината на смртта“, а најниската точка на северноамериканскиот континент е Бедвотер Басен, масивна солена рамнина со височина од 86 метри под нивото на морето.

влезот во градот. Овој имот и зграда биле спроти државното училиште. Популарниот синџир за брза храна сметал дека оваа локација е совршено место за отворање на ресторан. Контактирајќи со црковниот ѓакон, синџирот за брза храна понудил 2 милиони долари.

Ѓаконот се соочил со сериозна дилема. Што да направи? Земјиштето и зградата вределе 850.000 долари, адвентистите биле заинтересирани, а синџирот за брза храна понудил 2 милиони долари.

Ѓаконот горливо се молел. Додека се молел, почувствувал дека на луѓето повеќе им треба црква отколку ресторан за брза храна. Тој побарал од црковните водачи на јужната баптистичка конвенција да го продадат имотот на адвентистите за 250.000 долари. Потоа, со благослов на неговото црковно раководство, тој им го понудил местото и зградата на адвентистите за многу помала сума од почетната. Даровите на 13-тата сабота и другите прилози беа доволни за да се купи овој имот.



*Ненси Крозби во градината во црквата Пејџ.*

„Тоа беше неверојатно“, кажува Ненси Крозби, која ја надгледува мисијата на адвентистите меѓу домородните луѓе на резерватите Навахо во Јута и Невада. „Не постои сомнеж дека Бог ја отвори вратата.“

Обично, при основање на нова црква, црковната општина ги започнува своите активности со грст луѓе кои обично се среќаваат во домот на некој од верниците. Кога групата расте, обично се преселува на поголем простор. Во Пејџ, црквата ги започна своите активности во зграда која беше многу поголема отколку што требаше да биде.

„Се чинеше дека сè оди во спротивна насока“, изјавува Ненси. „Но, Бог знае што прави.“

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота во 2011 година, кои помогнаа да се основа Адвентистичката црква на сите народи во Пејџ, Аризона.

Молете се за оние кои го шират евангелието меѓу Индијанците, вклучително и Ненси и нејзиниот сопруг Џејмс, кој е пастор на оваа црква.

Ендрју Мекчесни



АРИЗОНА/САД | 9 ноември 2024

# Чекајќи го обредот Вечера Господова

Адвентистичка црква на сите народи Пејџ

Катрина била пресреќна кога слушнала дека се отвора адвентистичка црква во Пејџ, Аризона. Во близина на нејзиниот дом на резерватот Навахо нема адвентистички цркви, а таа не присуствувала на обредот „Господова вечера“ 20 години.

Оваа постара жена го побарала пасторот на црквата во сабота по проповедта. „Не сум учествувала во обредот Господова вечера повеќе од 20 години“, му рекла таа. „Кога ќе го имаме обредот?“

Пасторот Џејмс беспомошно ги кренал рацете. „Сега немаме сѐ што ни треба за тоа“, одговорил тој.

Всушност, на црквата ѝ недостигале многу работи. Било навистина чудо што црквата воопшто има зграда. Ако некоја деноминација сака црква во Пејџ, мора да купи постоечка црковна зграда. Сите цркви се наоѓаат на иста улица во Пејџ и не можат да се градат на друго место. Адвентистичката црква успеала да купи црковен објект од друга деноминација со помош на даровите на 13-тата сабота.

Кога дошол пасторот Џејмс, сфатил дека на црквата ѝ требаат големи реновирања и дека ја нема основната опрема, вклучително и предметите потребни за обредот Господова вечера.

Но, Катрина била решена да учествува во обредот. „Ќе видам што можам да сторам“, рекла таа. „Што ни треба?“

Пасторот ѝ рекол дека на црквата ѝ се потребни леѓени за обредот на понизност.

„Кога ќе го добијам мојот следен пензиски чек, ќе одам во продавница и ќе купам леѓени“, рекла таа.

Се разбира, кога ја примила следната пензија, отишла во продавница и нашла бели пластични леѓени. Имало шест на полицата и таа ги купила сите. Следната сабота ги донела во црква и ѝ ги дала на сопругата на пасторот, Ненси.

„Еве малку, но ќе донесам уште кога ќе ја земам следната пензија.“

Ненси била трогната и од срце изјавила: „Благодарам!“

Пасторот Џејмс и Ненси, исто така, сакале да учествуваат во обредот Господова вечера во црква. Сепак, поради итната потреба од реновирање на црковната зграда и набавката на основна опрема, голем предизвик бил како најдобро

AMsda.org/A2446

## Во врска со искуството

- Покажете ги градот Пејџ и Аризона на картата на светот.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Прекарот на Аризона е „Држава на Големиот Кањон“.

Во 1912 година, Аризона стана 48-та држава на САД.

Цвет што може да се најде низ Аризона е сагуаро, цветот на кактус, а најчестата птица што може да се види во Аризона е кактусниот кингриба.

Главен и најголем град на Аризона е Феникс.

да се искористат нивните ограничени средства.

Секогаш кога Катрина ја добивала пензијата, ги купувала сите бели пластични леѓени на полицата во продавницата. Обично имало шест такви. Потоа ги носела во црквата и ги давала на сопругата на пасторот. Понекогаш земала пари од пензијата на нејзиниот сопруг за да помогне околу купувањето леѓени. Тој бил припадник на Навахо народот и не одел во црква, но не му пречело да помогне.

На Катрина ѝ биле потребни три месеци да купи доволно леѓени.

Кога ги донела последните леѓени во црква, на пасторот му рекла: „Донесов доволно леѓени“. Дали сега можеме да го организираме обредот Вечера Господова?

Пасторот Џејмс ѝ се заблагодарил за нејзината дарежливост. „Но“, рекол тој, „немаме пешкири за бришење на нозете по миењето во леѓените за обредот понизност“.

„Ќе видам што можеме да направиме во врска со тоа“, рекла таа.

Кога дошла нејзината следна пензија, таа купила доволно бели пешкири за сите што сакале да учествуваат во обредот на понизност.

Потоа отишла кај пасторот. „Еве пешкири, можеме ли сега да го организираме обредот на понизност и Вечера Господова“.

Пасторот повторно ѝ се заблагодарил за нејзината дарежливост. „Но, за обредот Вечера Господова ни требаат послужавници“.

Катрина не знаела каде да ги купи, па рекла: „Кога можеме да ги набавиме? Ќе дадам уште пари.“

Набргу потоа, друг член на црквата подарил комплет послужавници и чаши за обредот Вечера Господова, и адвентистичката црква на сите народи во Пејџ имала сѐ што било потребно за обредот. Сопругата на пасторот направила бесквасен леб, а Катрина заедно со другите верници за првпат можела да учествува во обредот на понизност и Вечера Господова во нејзината црква во Пејџ.

Таа била пресреќна! Му била многу благодарна на Господа.

„Отсекогаш ги сакав овие обреди“, изјави таа за списанието *Адвентистичка мисија*. „Кога учествувате, му покажувате на Исуса колку го сакате и дека ја цените помошта што Тој ви ја дава.“

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота во 2011 година што помогнаа да се основа адвентистичката црква на сите народи, каде што се случи оваа приказна.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите дарови на Тринаесеттата сабота ова тримесечје, кои ќе се употребат за понатамошно ширење на евангелието во Северноамериканската дивизија.

Ендрју Мекчесни



АРИЗОНА/САД | 16 ноември 2024

## Тоа беше Исус

Џејмс

Туп! Туп! Туп! Било сабота вечер, и тоа остро тропање го донело пасторот Џејмс до вратата од неговиот дом во Пејџ, град кој се наоѓа веднаш до резерватот Навахо во Аризона.

Пред вратата стоел еден Индијанец. „На ќерка ми ѝ треба помош“, рекол тој. „Ја боли стомакот.“

Џејмс погледнал зад човекот и ги видел ќерката и мајката во автомобилот. „Дали таа треба да оди во болница?“

„Не, не“, рекол таткото. „Само да се помолите.“ Џејмс ги повикал во куќата, но таткото одмавнал со главата.

„Дали би сакале да ја однесете во црква“, го прашал човекот, покажувајќи кон адвентистичката црква во близина на куќата. Тој се преселил на Пејџ само два месеци порано за да служи како пастор во црквата.

„Да, така ќе направиме“, рекол таткото.

Отишле со автомобилот зад црквата, до задниот влез, а мајката прва излегла од автомобилот.

„Имате ли света водичка?“ прашала. Рекла дека семејството штотуку дошло од друга црква каде што го замолиле свештеникот да ја попрска нивната ќерка со света вода. Свештеникот одбил и ги испратил.

„Ние не користиме света вода“, рекол Џејмс. „Ние ја имаме Библијата.“

„Таа е опседната“, рекла мајката.

Збунет, Џејмс помислил: „Што се случува? Мајката вели дека е опседната, а таткото вели дека ѝ треба молитва за болки во стомакот“.

Таткото ја отворил вратата од автомобилот и ѝ помогнал на ќерка си да излезе. Таа била наведната, држејќи се за стомакот. Изгледало дека е во доцните 20-ти.

Џејмс никогаш не се занимавал со демони и опседнати лица и помислил: „Ако е опседната, нема да сака да оди во црква“.

Гледал како младата жена го следи нејзиниот татко во црква. Но, додека влегувала низ задната врата, почна да пени од устата. Потоа се стуткала на подот и грмнала како животно.

Нејзиниот татко, кој бил многу повисок од неа, рекол: „Не се плашам од тебе“.

Свртувајќи се кон Џејмс, тој нетрпеливо рекол: „Само кажете молитва за да се заврши ова“.

Меѓутоа, мајката се исплашила и се оддалечила од ќерката. Таа со треперлив глас повторувала: „Во името на Исус, во името на Исус“.

Џејмс ја зел Библијата и таа се отворила за Евангелието според Марко, 9. глава. Тука е запишан извештајот за Исус како го исфрлил духот од момчето. Повторувајќи го прашањето што Исус му го поставил на таткото на момчето, го прашал таткото на девојчето: „Колку долго ѝ се случува ова?“

Таткото го изнервирало тоа прашање. Тој не сакал да признае дека неговата ќерка е опседната. Тој само сакал Џејмс да се помоли. Во меѓувреме, мајката повторувала: „Во името на Исус, во името на Исус“.

Ќерката потоа го нападнала таткото. Скокнала врз него одзади и почнала да го дави.

Таткото, кој неколку моменти претходно тврдел дека не се плаши од неа, извикал: „Помогнете ми! Помогнете ми!“

Исплашена мајката истрчала од црквата. Џејмс отишол зад ќерката и благо ја допрел по рамото. Во истиот момент таа го пуштила таткото, и тој истрчал надвор.

Џејмс не бил сигурен што да прави, но не се плашел. Тој имал совршен мир од Бога, дека Тој ќе води сè.

Кога го почувствувала допирот, ќерката се свртела и погледнала во

Џејмс. Потоа ја кренала раката. Џејмс се повлекол, движејќи се наназад додека не удрил во ѕидот. Таа го следела додека не застанала точно пред него. Нејзината рака сè уште била крената, како да е подготвена да удри. Но, не го допрела. Џејмс погледнал во нејзините очи. Тие биле празни. Како да ја нема нејзината личност. Таа не била присутна. Џејмс молкум се молел Исус да ја избави.

Миг подоцна, таа во згрчена состојба паднала на подот.

Тогаш Џејмс се молел Исус да ја врати.

Станала и седнала на столот. Сега била сосема друга личност. Зборувајќи со нормален глас, прашала: „Кој ми помогна?“

Тоа бил Исус.

Нејзиниот татко се врати во собата. Тој со олеснување рекол: „Тоа е моето девојче, тоа е моето девојче“.

Потоа се вратила и мајката, а Џејмс го повел семејството во молитва изразувајќи благодарност на Бога. Тој зборувал за Исусовата моќ.

„Многу е важно да му се обратиме на Господа во ваквите ситуации“, вели тој.

Додека си заминувале, им дал примерок од книгата *Патот кон Христа* од Елена Вајт.

Џејмс никогаш повеќе не го

AMsda.org/A2447

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓаат градот Пејџ и Аризона на картата на светот.
- Знајте дека пасторот Џејмс и неговата сопруга Ненси се целосно посветени на ширење на евангелието меѓу староседелците. Џејмс е пастор на црквата во Пејџ, а Ненси ја надгледува работата на црквата со Индијанците во американските држави Аризона, Невада и Јута.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во поголемите градови, преку прозорецот 10/40 меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Во Аризона се наоѓа најголемиот индијански резерват во Северна Америка, резерватот Навахо, кој опфаќа 40.000 квадратни километри.
- Денес, 22 племиња живеат во резерватите во Аризона, со над 425.000 луѓе. Во резерватите живее 6% од населението во државата, на површина што зафаќа четвртина од оваа држава.

видел ова семејство. Не знае што им се случило. Но, од таа ноќ сфатил дека големата борба меѓу Христа и сатаната е многу реална, дури и во резерватот Навахо.

Молете се за народот Навахо. Молете се за работата на пасторот Џејмс Крозби и неговото семејство.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота во 2011 година, кои помогнаа да се воспостави Адвентистичката црква на сите народи, каде што се одиграл овој настан.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства 13-ттата сабота ова тримесечје, кои ќе се искористат за понатамошно ширење на евангелието во Северноамериканската дивизија.

Ендрју Мекчесни



АЉАСКА/САД | 23 ноември 2024

# Средба со злото

Адив

Чуден набој се чувствувал во куќата кога таткото ја укорил својата бремена 15-годишна ќерка Луса.

„Можеше да го повредиш бебето", рекол тој.

Луса, која виткала цигари од сушен тутун, пркосно реагирала на забелешките на својот татко во дневната соба во нивниот дом на Аљаска.

Сцената во дневната соба ја гледал Адив, роден во Мичиген, кој работел во домот за деца. Свратил на посета кај Луса. Тој и сите други во куќата биле адвентисти на седмиот ден.

Луса и таткото отишле во спалната соба, а им се придружила и мајката на девојчето. Ја затвориле вратата.

Во дневната соба Адив почувствувал чудна тежина. Не бил сигурен што се случува, но сметал дека е вистинско време да се моли.

Додека се молел, од спалната се слушале гласни псовки.

Тогаш мајката излегла. „Девојката е опседната", рекла таа. „Треба да се молиш".

Адив се молел пожестоко. Тој побарал мудрост од Бога. Земајќи ја својата Библија, клекнал да се помоли во другата спална соба.

„Господи, води ме низ овој процес", се молел тој. „Прости ми ги

сите гревови. Направи да исчезнат сите мои гревови“.

Потоа во молитва ги спомнал девојката и нејзините родители.

Зад вратата се слушнало врескање. Таткото излегол, дошол кај Адив и прашал. „Дали ме викаше?“

„Не“, одговорил Адив. „Не те повикав.“

„Добро, сакаш ли да влезеш?“ прашал таткото. Адив не сакал да оди во спалната соба каде што била девојката, но рекол: „Секако“.

Во собата ја видел Луса како лежи на грб до ѕидот и вреска. Таткото ѝ се придружил на мајката и застанал во близина на девојката.

Адив клекнал во близина на вратата. Сакал да биде што поблиску до вратата ако треба да истрча.

Таткото и мајката почнале да ја пеат детската песна: „Исус ме сака“.

Адив им се придружил во пеењето.

Додека пееле за Исусовата љубов кон децата, Луса престанала да вреска. Почнала да плаче.

„Тато, ми треба твојата помош“, рекла таа. Адив го видел тешкиот израз на лицето на татко му.

„Јас не можам да ти помогнам“, рекол тој. „Мора да го повикаш Исуса.“

Тогаш Луса вреснала. „Таа повеќе не е твоја ќерка“, рекол длабок глас што излегувал од нејзината уста.

Адив ја погледнал Библијата во својата рака. Не знаел што да прави понатаму, но бил сигурен дека Бож-

AMsda.org/A2448

## Во врска со искуството

- Прикажете ги на карта на светот Бетел, Аљаска, каде што дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се отвори центар на влијание.

Луса е псевдоним.

- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Како што Европејците ја населувале Северна Америка, тие ги принудувале домородните народи да селат сè подалеку и да живеат во оградени резервати, често во најнегостопримливите области на земјата и стотици километри од земјата на нивните предци.

јата реч има моќ. Ја отворил книгата псалми и почнал да чита на глас.

Еден момент подоцна, тој го подигнал погледот. Девојката престанала да вреска и почнала да лзи по подот кон него.

Адив се молел за вера и продолжил да чита. Кога Луса стигнала до него, ја кренала раката и силно ја удрила Библијата, соборувајќи ја на подот.

„Ја мразам оваа книга. Ја мразам оваа книга“.

Адив ја подигнал Библијата од подот и продолжил да ги чита псалмите.

Луса уште два пати му ја исфрлила Библијата од рака.

Битката меѓу Христа и сатаната траела уште 90 минути. Адив и неговите родители пееле, се молеле и ја читале Библијата сè додека тежината што се чувствувала во воздухот не ја напуштила куќата. Злиот дух заминал.

На Адив му било тешко да клечи 90 минути, но кога станал, почувствувал енергија и свежина. Наспроти тоа, Луса била исцрпена. Таа била слаба и едвај можела да зборува.

Адив тој ден се уверил дека големата борба меѓу Бога и сатаната е вистинска. „Зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6,12).

Случајот на Луса не е единствен меѓу домородното население на Аљаска, па дури и меѓу некои кои се адвентисти. Адив, кој работи во дом за деца и во адвентистичкиот летен камп, не запознал некој од домородното население кој немал средба со духови или кој не познава некој што веќе имал.

Адив се моли со сето свое срце вечното евангелие да се објави низ Аљаска.

„Сакам да останам овде што е можно подолго“, изјавува тој. „Има работа што треба да се заврши. Луѓето треба да го запознаат Христа“.

Останува огромната работа да се проповеда вечното евангелие во Аљаска, каде што има повеќе од 200 домородни заедници, но адвентистичката црква е присутна само во 11 од нив.

Дел од даровите на Тринаесеттата сабота ова тримесечје ќе помогнат да се шири љубовта кон Исуса во Бетел, Аљаска. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 28 декември.

Ендрју Мекчесни





# Момчето кое постојано прашувало зошто

Адив

Џејмс е момче кое секогаш поставувало прашања.

Кога и да било побарано од него да направи нешто на летниот камп, тоа прашувало: „Зошто мора да го направам ова? Зошто морам да го наравам она?“

Џејмс бил сираче. Татко му и мајка му умреле, а тој живеел со роднини во мало индијанско село на Алјаска. Неговите роднини го испратиле на летниот камп. Така Џејмс се качил на авион и одлетал во градот Дилингем. Алјаска нема многу патишта, така што луѓето често мора да земаат авиони кога патуваат од едно до друго место.

По пристигнувањето во Дилингам, Џејмс се возел со автобус околу 30 минути до езерото. Потоа се качил на бротче и патувал уште 15 минути до кампот Поларис, адвентистички летен камп за деца староседелци од Алјаска како него.

Џејмс веднаш го засакал кампот, а особено уживал во водените спортови на езерото. Тој се смешкал од уво до уво кога скокнал на големата портокалово-сина гумена банана на надувување што ја влечел глисер по езерото. Се трудел да не падне во водата. Иако било лето, водата била многу студена.

Насмевката на Џејмс се претворила во намуртеност за време на вечерното богослужение. Кога дошло време за молитва, сите деца станале. Седумте момчиња кои спиеле во истата спална соба со Џејмс стоеле. И старешината на нивниот логор Адив стоел. Но Џејмс останал да седи.

Адив му шепнал на Џејмс: „Би требало да станеш.“ Едно од правилата на логорот било да се стои за време на молитвата, за да се покаже почит кон Бога.

Џејмс тивко станал. Но, тој бил намуртен.

Следниот ден, Џејмс останал да седи за време на молитвата на утринското богослужение. Седел и за време на молитвата на вечерното богослужение. Потоа се свртел кон момчето до него и почнал да разговара за време на молитвата. Адив му се обраќал секој пат, но тој одбивал да да го слуша.

Третиот ден, кога Џејмс останал да седи, Адив го повикал да излезе од кругот околу огнот и да дојде да разговараат.

AMsda.org/A2449

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Дилингам и Аљаска на картата на светот. Потоа покажете го градот Бетел, каде што ќе биде изграден адвентистичкиот центар на влијание.
- Знајте дека Адвентистичката црква и великодушните донатори ги покриваат трошоците за летниот камп за децата на староседелците на Аљаска.
- Џејмс е псевдоним.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе." Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Цел бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Аљаска се наоѓа во Севернопацифичката унија која има 448 цркви, 61 група верници и вкупно 102.187 членови. Со население од околу 15.767.000, тоа претставува соодност од 1 адвентист на секои 158 луѓе.
- Црквата во Бароу на крајниот север на Аљаска е најоддалечената црква на север на светот.
- Џаспер Н. Силвестер, дедото на Х. М. С. Ричардс постариот (основач на Гласот на пророштвото / Voice of Prophecy), бил ковач во Скагвеј на Аљаска и еден од првите адвентисти на таа територија.

Адив го потсетил Џејмс за правилата на кампот. „Ако правиш така, мора да има последици", му рекол тој. „Од почит кон Бога, треба да стануваме кога се молиме, а не да зборуваме. Зошто не стануваш?"

„Зошто да станам? Зошто да не можам да зборувам?", прашал Џејмс. „Никогаш не сум го видел Бога. Не знам ни дали постои Бог".

Адив видел можност да го поучи Џејмс за Бога. Тој му зборувал за ветрот што често дувал на кампот.

„Иако не можеш да го видиш ветрот, знаеш дека постои затоа што можеш да го почувствуваш на своја кожа и да го слушаш шумолењето на лисјата на дрвјата", му рекол тој. „На ист начин, ние не можеме да го видиме Бога, но можеме да го почувствуваме Неговото присуство околу нас".

Ноќе зборувал за ѕвездите. „Кога има облаци на ноќното небо, не можеме да ги видиме ѕвездите, но знаеме дека се таму", рекол тој. „На ист начин, ние не можеме да го видиме Бога, но можеме да го почувствуваме Неговото присуство околу нас".

На Џејмс му се појавиле солзи во очите. „Како можам да знам дека е така?" прашал

тој. „Ако постои Бог, зошто се случуваат лоши работи? Каде беше Бог кога умре мајка ми? Каде беше Бог кога умре татко ми?“

Адив рекол дека смртта не била дел од Божјиот план. Но првите луѓе, Адам и Ева, згрешиле против Бога, а резултатот бил болка и смрт. Затоа Бог го испратил Својот Син, Исус, да умре за сечии гревови. Оние кои веруваат во Исуса ќе живеат со Него засекогаш во свет без болка и смрт. „Иако не можеш да го видиш, Бог е сè уште тука“, рекол Адив.

Џејмс тивко слушал. „Дали Бог навистина е тука?“, размислувал.

По овој разговор Џејмс за време на секоја молитва стоел молкум. Никогаш не кажал за што размислува, но Адив се надевал дека размислува за Бога.

Кампот Поларис, кој се наоѓа на езеро во близина на Дилингам, на Аљаска, е единствениот адвентистички летен камп кој служи за децата на староседелците на Аљаска.

Дел од средствата на даровите на 13-тата сабота во 2016 година беа употреби за реновирање на кампот со нови дрвени куќички за сместување и бањи.

Ви благодариме што ја ширите Исусовата љубов и планирате да приложите великодушен дар на Тринаесеттата сабота ова тримесечје, кој ќе биде употребен во Бетел на Аљаска.

Ендрју Мекчесни



АЉАСКА/САД | 7 декември 2024

## Зошто Калеб се насмевнува?

Калеб

Калеб решил да води кратко богослужение во својата дрвена куќичка во кампот Поларис на Аљаска. Тоа бил втор ден од логорувањето, а шесте момчиња под негов надзор како управник на кампот биле уморни по активностите во тој ден.

Пред да започне Калеб, едно од момчињата заспало. Тоа страдало од недостаток на никотин по повеќегодишно џвакање тутун. Голем број од децата на староседелците на Аљаска во адвентистичкиот летен камп се зависници од тутун за џвакање и страдаат од недостаток на никотин во првите неколку дена од кампувањето.

Додека момчето спиело, Калеб го запалил малиот шпорет во дрвената куќичка. И во лето ноќите на Аљаска се студени.

Иако другите пет момчиња биле уморни, тие сè уште не сакале да одат в кревет. „Можеме ли да се приближиме до печката?“ прашало едно момче.

Калеб ги повикал момчињата на богослужение. Тој започнал со прашањето: „Што претставува Бог за вас?“

Момчињата наизменично одговарале. „Тој е Спасител“, одговорил еден. „Тој е на Небото“, рекло друго момче. „Тој е многу посветен“, додало трето. „Бог е верен“ била темата на кампот таа година.

Потоа дошол ред на Калеб да им каже на момчињата што му претставува Бог. „Бог љуби со сета своја сила“, рекол тој. „Тој е великодушен, секогаш простува, полн со милост и дава мир“.

Едно момче извикало: „Тоа се многу големи зборови, човече!“

Калеб се насмевнал.

„Бог е како најдобар пријател кој е секогаш тука за вас, и уште повеќе од тоа“, рекол тој.

Момчињата тивко размислувале за нивниот секогаш присутен и најдобар пријател. За момчињата било невообичаено да молчат.

Прво проговорило момчето кое било воодушевено од големите зборови за Бога.

„Дали некогаш сте виделе ангел?“ прашал. Без да го чека одговорот, тој извика: „Јас сум видел!“ Тогаш раскажал неверојатно искуство за еден ангел со сјајни крилја“. Звучело како да измислува приказна додека ја раскажува.

Калеб се насмевнал. Се радувал кога видел дека момчињата сакаат да зборуваат за духовни работи. Главната цел на кампот Поларис е да ја шири Исусовата љубов меѓу децата на староседелците на Аљаска.

По богослужението момчињата играле криенка. Момчето што требало да бара, излегувало на тремот пред дрвената куќа. Останатите момчиња се криеле. Две се скриле под креветот на кат; третото стоело зад неговиот долг капут, кој висел на ѕидот; а последниот седел во пукнатината меѓу креветот и ѕидот, влечејќи ја вреќата за спиење преку глава.

Откако играле криенка околу 45 минути, легнале. Повеќето брзо заспале. Но, едно од момчињата било мошне носталгично.

„Не можам да спијам, ми недостига мојот дом“, му рекло тоа на Калеб.

„Не мора веднаш да спиеш“, одговорил Калеб. „Но, треба да си легнеш“.

Легнало и на крајот заспало.

И Калеб исто така си легнал. Додека заспивал, се сетил како

момчињата покажале интерес за Бога и сакале да зборуваат за духовни работи за време на богослужението. Тој се насмевнал. Бог работел во срцата на овие момчиња.

Ви благодариме за средствата од даровите на Тринаесеттата сабота во 2016 година со кои се реновираше кампот со нови дрвени куќички за сместување и бањи.

Калеб и момчињата се благодарни што можете уште еднаш да помогнете во ширењето на Евангелието на Аљаска ова тримесечје со даровите на Тринаесеттата сабота, кои ќе помогнат да се отвори центар на влијание во Бетел.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 28 декември.

Ендрју Мекчесни



*Деца пеат за време на богослужение во кампот Поларис.*

AMsda.org/A24410

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Дилингам и Аљаска на картата на светот. Потоа покажете го градот Бетел, каде што ќе биде изграден адвентистичкиот центар на влијание.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: WillGo2020.org

## Мисионски факти

- Седумнаесет од 20-те највисоки врвови во САД се наоѓаат на Аљаска. Денали (порано наречен Мекинли), највисокиот врв во Северна Америка, е 6.190 m надморска височина. Денали, името што го користеле староседелците на Аљаска за овој врв, значи „Голем“.
- Алеутскиот збор *алиеска*, или *алакскак*, значи „Голема земја“ и претставува назив за Аљаска.
- Домородните народи, вклучувајќи ги Алеутите, Атабасканите, Хаида, Инуитите, Тлингит и Јупика, сè уште живеат на Аљаска.
- Големите цицачи кои можат да се најдат на Аљаска се> црни мечки, карибу, лос, мошус волови и најголемата кафеава мечка во светот, Кодијак, како и поларни мечки, белуга китови и моржови од брегот.
- Најниската температура некогаш забележана во САД била во северна Аљаска во 1971 година, кога температурата паднала на-62ºC.



АЉАСКА/САД | 14 декември 2024

# Вечен пријател

Михеј

Да се биде логорски старешина за момчиња во летниот камп на Аљаска, за Михеј звучело возбудливо.

Имал 11 години и живеел во Орегон.

Неговиот учител во саботната школа прочитал мисионска сторија од кампот Поларис, летниот камп на адвентистите на седмиот ден на Аљаска. Сторијата била за момчиња староседелци на Аљаска кои се плашеле од духови, додека не сфатиле дека Исус е помоќен.

Ова искуство го воодушевило Михеја. Никогаш не помислил дека во САД живеат деца кои се плашат од духови и кои не го познаваат Исуса. Кога дошла Тринаесеттата сабота, тој радосно го дал својот дар за да им помогне на децата во кампот Поларис.

Михеј не знаел дека шест години подоцна ќе работи во кампот Поларис. Тој не знаел дека лично ќе има можност да им ја пренесе Исусовата љубов на децата на староседелците на Аљаска, за која тие не знаеле.

Но се случило токму тоа. Михеј, како 17-годишен студент на Академијата во Оклахома, отишол на Аљаска да работи во текот на летото како советник, логорски старешина во кампот.

Во кампот Поларис, тој бил поставен за логорски старешина за шест момчиња на возраст од 10 до 15 години, сместени во една од дрвените куќи изградени со помош на даровите на 13-тата сабота, кои ги давал уште како дете. Уште од мал се молел секој ден за можност да ја шири Исусовата љубов.

Една вечер за време на богослужението, Михеј ја отворил Библијата во Посланието до Римјаните и почнал да чита: „Зашто сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак, кое било друго создание нема да може да нè оддели од љубовта Божја во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 8,38,39).

Гледајќи нагоре, Михеј рекол: „Што мислите за тоа? Бог е секогаш со нас и Тој е наш пријател.“

Момчињата размислувале неколку моменти за ова. Тогаш едно момче рекло: „Исус е наш вечен пријател.“

Другите момчиња се насмевнале. Кампот Поларис работи спо-

ред „системот на пријатели“, според кој ниту едно дете никаде не оди само. Ако момчето сака да оди некаде, мора да оди друго момче со него. Тоа значи дека, ако сака да оди во тоалет, мора да оди со пријател. Ако сака да го наполни шишето со вода од надворешната чешма, мора да оди со пријател. Ако сака да се врати во својата куќичка за да добие нешто што го заборавил, мора да оди со пријател. Момчињата го користеле овој систем на пријатели во кампот. Но, библискиот стих им сугерирал дека Исус е нивниот вечен пријател кој оди со нив насекаде.

„Така е!“ извикал Михеј. „Исус е нашиот систем на вечен пријател. Што и да правиме, Исус е секогаш со нас. Понекогаш го забораваме пријателот во бањата, но не треба да се грижиме дали Исус ќе нè заборави“.

Момчињата среќно се насмевнале. Им се допаднала помислата дека Исус е нивен вечен другар.

Михеј прашал дали некој би сакал да се помоли. Отпрвин настанала тишина, а потоа проговорило едно од момчињата.

„Порано се молев“, рекло срамежливо. „Но, јас не сум се молел долго време. Заборавив како да го правам тоа“.

Михеј рекол: „Сега можеме да се молиме заедно. Можам да ти помогнам да се помолиш. Само повторувај по мене“.

Михеј ја наведнал главата и се молел: „Драги Боже, Ти благодарам за овој ден“.

AMsda.org/A24411

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Дилингам и Аљаска на картата на светот. Потоа покажете го градот Бетел, каде што ќе биде изграден адвентистичкиот центар на влијание.**
- **Прочитајте ја приказната што го допрела срцето на единаесетгодишниот Михеј: bit.ly/Alaska-ghosts.**
- **Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.**
- **Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org**

## Мисионски факти

- **Сибирскиот Јупик е познат по разновидните резби што ги прават на забите на моржовите и на коските од китовите.**
- **„Акутак“ е познат како ескимски сладолед, тој се прави од масло од фоки, животинска маст, снег и шумски плодови кои можат да се најдат на Аљаска.**

„Драги Боже, ти благодарам за овој ден", повторило момчето.

„Чувај нѐ вечерва".

„Чувај нѐ вечерва".

„Ти благодариме за сѐ што си направил за нас."

„Ти благодариме за сѐ што си направил за нас."

„А Ти благодариме и за сета забава што ја имавме денес".

„А Ти благодариме и за сета забава што ја имавме денес".

„Амин".

„Амин".

Подоцна, кога сите момчиња биле во своите вреќи за спиење на креветите на кат, Михеј му пристапил на момчето што се молело. „Само разговарај со Исуса како со пријател", му шепнал тој. „Кажи му што се случило во текот на денот".

Момчето кимнало со главата. Михеј блескал од радост додека се движел кон својот кревет. Се чувствувал одлично! Тој се молел секој ден за можност да ја шири Исусовата љубов. Тоа била одлична вечер.

Ви благодариме за даровите приложени 13-та сабота во 2016 година, кои беа употребени за реновирање на кампот, кој доби нови дрвени куќички за сместување и бањи.

Михеј и момчињата се благодарни што можете уште еднаш да помогнете во ширењето на евангелието во Аљаска ова тримесечје со дарот на Тринаесеттата сабота, кој ќе помогне да се отвори центар на влијание во Бетел.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 28 декември.

Ендрју Мекчесни




АЉАСКА/САД | 21 декември 2024

# Бдеј и моли се!

Вес

Директорот на кампот ги повикал вработените на итен ноќен состанок за да разговараат за натприродната активност во кампот Поларис на Аљаска.

Вес работел како камп-мајстор и им се придружил на другите вработени во управната зграда за да разговараат и да се молат. Неговата пријателка, Рејчел, која работела како една од старешините во логорот, му рекла на останатиот персонал дека во дрвената куќа каде што таа се грижи за осум девојчиња со инуитско потекло се случуваат

чудни феномени. Секогаш кога се спо-менувал Исус пред одење на спиење, било во молитвите или на богослуже-нијата, чудни работи се случувале от-како светлата се гаселе. Девојчињата биле исплашени и сонувале лоши со-ништа.

На крајот од итниот состанок, пер-соналот се помолил заедно и се повле-кол во своите дрвени куќички за ноќе-вање.

До моментот кога Вес стигнал до својата дрвена куќичка, било речиси 11 часот. „Ова не е време за спиење“, помислил тој. „Ова е време за бдеење и молитва.“

Вес ја напуштил дрвената куќичка и тргнал по патеката до новиот блок машки тоалети, кој неодамна бил изграден со помош на даровите на Тринаесеттата сабота.

Седнал зад блокот тоалети и поч-нал да се моли за Рејчел, за нејзините девојчиња и нивната дрвена куќарка.

„Господе, се молам Твоите ангели да ја опкружат дрвената куќичка на Рејчел. Не дозволувај никакво зло да влезе внатре, за децата на ова кампу-вање целосно да уживаат и да те запоз-наат Тебе.“

Поминале пет минути, десет ми-нути… Петнаесет минути. Вес нико-гаш претходно не се молел повеќе од 10 или 15 минути, но не сакал да прес-тане да се моли. Тој бил решен да се моли и да бдее додека не почувствува дека неговите молитви веќе не се потребни.

„Господи, прати ги твоите ангели да го спречат секое зло да влезе во дрвената куќичка на Рејчел. По-могни им на Рејчел и на децата да немаат повеќе лоши соништа. Помогни им да спијат мирно. Дај

AMsda.org/A24412

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Дилингам и Аљаска на картата на светот. Потоа пока-жете го градот Бетел, каде што ќе биде изграден адвентистичкиот центар на влијание.
- Преземете ги сликите за оваа сто-рија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамери-канската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илус-трира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири ад-вентистичкиот пристап... меѓу не-достижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духов-ни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учест-вото на децата и младите во црков-ните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинеј-џерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на дру-гите за библискиот поглед на све-тот.“ Дознајте повеќе за стратеш-киот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

## Мисионски факти

- Во 1959 година, Аљаска стана 49-та држава на Соединетите Амери-кански Држави.

ми мудрост како можам уште повеќе да им помогнам".

Се молел 20 до 30 минути. Потоа слушнал како група луѓе одат до управната зграда. Слушнал чудни звуци и продолжил да се моли.

По ова видел група луѓе како тргнале кон логорскиот брод. Станал и отишол да помогне. Едно девојче било болно и требало да се однесе во болницата во градот. Вес бил обучен за медицински техничар, па со уште пет лица влегол во чамецот за да го однесе девојчето во болница. Му било мило што бдеел и се молел така што бил буден за да може да помогне.

Откако девојчето било безбедно однесено во болница, тие се упатиле назад во кампот. Веќе било 2 часот наутро. Ноќното небо било темно, а сонарот на бродот не работел. Езерото на места било плитко, а бротчето ризикувало да се насука или да се преврти ако удри во песочен нанос или карпа.

Вес се молел. Сите во бродчето се молеле. Со помош на GPS навигација, чамецот внимателно се вратил во кампот. Но, потоа почнал да оди побавно. Кампот и брегот требало да бидат право напред. Но, никој не можел да види ништо. Било целосно темно. Не можеле безбедно да пловат.

Вес се молел. Сите на бродот се молеле. Одеднаш, среде кампот се појавила силна светлина. Блескава бела светлина ги фрлала своите брилијантни зраци осветлувајќи го кампот. Вес и другите можеле да ги видат кабините на момчињата како и кабините на девојчињата. Можеле да ја видат управната зграда, како и блоковите со тоалети. Што е најважно, тие можеле да го видат брегот.

Бротчето се упатило кон светлината и стигна до брегот.

Кога стигнале на копно, луѓето од бродчето сакале да видат од каде доаѓа светлината. Сакале да ѝ се заблагодарат на личноста која ја вклучила светлината. Но, светлината наеднаш згаснала, кампот повторно бил во темнина. Се чинело дека сите во кампот спијат.

Тоа утро, Вес и другите луѓе кои биле на бродот се обиделе да откријат кој ги вклучил светлата претходната ноќ. Никој не се јавил. Сите рекле дека спиеле. Вес верува дека ангел им го покажал патот до кампот.

Вес, кој сега е директор на кампот Поларис и оженет со Рејчел, научил важна лекција за бдеењето и молитва таа ноќ.

„Бог ме употреби за да му помогнам на девојчето од кампот да ја добие потребната помош", кажува тој. „Бев буден затоа што чувствував дека морам да бдеам и да се молам. Јас помогнав да се реши проблемот, а потоа ангел помогна да се реши нашиот проблем".

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота во 2016 година кои беа употребени за реновирање на

кампот кој доби нови дрвени куќички за сместување и тоалети.

Вес и сите деца со индијанско потекло кои доаѓаат во кампот Поларис се благодарни што повторно можете да помогнете во ширењето на евангелието на Аљаска ова тримесечје со даровите на 13-тата сабота, кои ќе помогнат да се отвори центар за влијание во Бетел.

Ендрју Мекчесни





ПРОГРАМА НА ТРИНАЕСЕТТАТА САБОТА

| 28 декември 2024

# Уценета

Џозефина

Во малото село на Аљаска Инуити, Тогиак, две сестри, Џозефина и Емили, одеа по правлив пат една летна вечер.

Иако било околу 7 часот, сонцето сè уште било високо на небото. Сонцето нема да зајде уште многу часови; до околу полноќ.

Децата немаат многу работа во долгите летни денови на село.

„Погледнете!“ извикала дванаесетгодишната Емили, застанувајќи пред адвентистичката црква. „Во оваа црква има летен библиски курс и камп за време на школскиот распуст. Сакам да одам таму“.

За неа, летниот библиски камп значело многу интересни приказни од Библијата, забавни активности, вкусни закуски. Повеќе од сè, тоа значело дека ќе можат да прават нешто на место каде што нема многу активности за децата за време на летото.“

Емили ја повлекла за рака својата седумнаесетгодишна сестра. „Ајде“, ја молела таа.

Но, Џозефина не сакала да оди. Иако немала многу активности, таа не сакала да одат во црква.

„Не сакам да одам на летниот библиски курс“, рекла таа.

„Но, јас сакам да одам“, одговорила Емили.

„Па, јас не сакам да одам“, изјавила Џозефин, зборувајќи со авторитет на постара сестра. „Сакам да правам нешто друго.“

Емили за момент изгледала тажно. Но само за момент. Таа била решена да победи во расправата и знаела како да го направи тоа.

„Ако не одиме, нема да го делам тутунот за џвакање со тебе“, рекла.

Џозефина остро погледнала во својата помала сестра. Таа немала тутун за џвакање и не знаела каде да го набави. Погледнала кон црквата. Размислувала за тоа колку ќе биде мрзоволна, раздразлива и лута ако Емили ја исполни нејзината закана и не го сподели со неа тутунот за џвакање.

„Добро“, рекла таа. „Ајде да одиме“.

Така, Џозефина била уценета да влезе во адвентистичката црква за прв пат. Седела во последниот ред, додека Емили им се придружила на другите деца кои учествувале напред во одредени активности.

По извесно време, пасторот на црквата дошол кај Џозефина и се претставил како пастор Чед.

Гледајќи дека Џозефина е постара од повеќето деца, прашал дали би сакала да му помогне да ги пренесат грицките и материјалите за активностите на летниот библиски курс.

Џозефина се согласила.

Потоа, таа и Емили доаѓале во црква секоја вечер во 7 часот за време на летниот библиски курс.

Кон крајот на курсот, пасторот ја повикал Џозефина да оди во детскиот летен камп. За да стигне таму, таа ќе треба да лета со авион, да се вози со автобус и најпосле да дојде со бротче.

Идејата ѝ се допаднала. Сепак, била сигурна во тоа дека е премногу стара за детскиот камп. Имала 17 години.

„Нема проблем“, рекол пасторот. „Дали би сакала да помагаш на кампот?“

На лицето на Џозефина се појавила голема насмевка. Таа сигурно може да помогне.

Отишла во кампот Поларис како старешина на обука. Таа му помагала на редовниот старешина на кампот да се грижи за женската дрвена куќичка во која престојувале девојчиња од различни села на Аљаска. Но, за време на нејзиниот еднонеделен престој во кампот, таа научила многу за Исуса.

Џозефина толку многу го засакала летниот камп што се вратила и следната година, па и следната. Дома, меѓу патувањата на кампувањето, таа одела во адвентистичката црква. Љубовта кон Исуса растела во нејзиното срце. Исус ѝ помогнал да престане да користи тутун за џвакање. Таа му го предала своето срце на Исуса и се крстила.

Џозефина и денес работи во кампот Поларис – но сега како водач. Секоја година носи 7-10 деца од своето село на кампување. Децата немаат што да прават во текот на летото. Некои од нив стануваат мрзоволни, раздразливи и лути додека поминуваат низ одвикнување од никотинот, затоа што немаат тутун за џвакање во кампот.

Но, како Џозефина, и децата слу-

шаат за Исуса во кампот и учат дека Тој може да им помогне да ја отфрлат лошата навика. Кога ќе се вратат во своите домови, знаат дека животот со Исуса никогаш не е здодевен и дека со Него можат сè.

Исто како порано, кога помалата сестра ја довела во црква, сега таа ги носи децата во црква. Но таа го прави тоа без да користи уцена за да ги поттикне да дојдат. Таа се моли и ги повикува да дојдат во кампот Поларис.

„Сакам да работам со деца“, изјавува во интервјуто во кампот Поларис.

„Стекнав многу добри пријатели. Кампот Поларис ми дава нешто на што постојано се радувам“.

Кампот Поларис, кој се наоѓа на езерото во близина на Дилингам на Аљаска, е единствениот летен камп на адвентистите на седмиот ден, кој е првенствено наменет за децата на староседелците на Аљаска.

Дел од средствата на даровите на 13-тата сабота во 2015 година беа употребени за реновирање на кампот и изградба на нови дрвени куќички и вистински тоалети и тушеви.

Ви благодарам. Денес, имаме можност да ја шириме Исусовата љубов на Аљаска со уште еден проект од даровите на 13-тата сабота. Овој пат, еден од проектите што ќе помогне во ширењето на Еванге-

AMsda.org/A24413

## Во врска со искуството

- Покажете ги на картата местата каде што ќе се реализираат проектите на Тринаесеттата сабота: Бетел на Аљаска, Сент Луис во Мисури и Балтимор во Мериленд.
- Прикажете ги и Дилингам и Аљаска на картата. Многу деца од Аљаска летаат до Дилингам со авион, одат 30 минути со автобус, а потоа 15 минути се возат со бротче до кампот Поларис.

  На Аљаска авионите се вообичаено превозно средство, исто како што се автомобилите во другите делови на светот. Аљаска има многу малку патишта, а населбите се оддалечени едни од други, што на луѓето не им остава друга можност освен да патуваат со авиони и чамци. Адвентистичката црква и верните донатори ги покриваат трошоците за децата да одат во летниот камп Поларис.
- Преземете ги сликите за оваа сторија од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и кратки факти од Северноамериканската дивизија: bit.ly/nad-2024.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува и за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботно-школските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

лието е изградбата на центар на влијание во Бетел, Аљаска.

Средствата од денешниот дар на 13-тата сабота ќе бидат употребени и за мисионски проекти во Сент Луис, Мисури и Балтимор, Мериленд.

Ви благодариме за великодушните дарови.

*Прилојување на дарот со придружба на инструментална музика.*

Ендрју Мекчесни

## Брзи факти

- **Најголемите месојади во САД се црната мечка гризли и поларната мечка, која живее на Аљаска.**
- **Езерото Супериор, на границата на САД и Канада, е најголемото слатководно езеро во светот по површина. Тоа зафаќа 51.016 квадратни километри.**
- **90% од Американците јадат пица барем еднаш месечно. Во Америка секој ден се јаде пица со големина од 40 хектари.**
- **Се проценува дека во САД има околу 75,8 милиони кучиња, двојно повеќе од Бразил, земја со втор најголем број на кучиња.**







*Седум деца на староседелци од Аљаска од Бетел, на аеродромот Енкориџ чекајќи да се качат на авион да летаат дома по една недела помината на кампот Поларис; на сликата десно, на езерото Алекнагик.*

## Идни проекти на тринаесеттата сабота

Петте планирани проекти на Тринаесеттата сабота во следното тримесечје ќе бидат наменети за Северноазиската пацифичка дивизија.:

- Изградба на вонучилишни центри за деца во 14 училишта во Јапонија.
- Изградба на рекреативен центар во Улан Батор, Монголија.
- Изградба на сместување за самохрани мајки во Ансан, Јужна Кореја.
- Изградба на спортска сала и тренинг центар на Академијата Ханкук Шамјук во Сеул, Јужна Кореја.
- Воспоставување на адвентистички систем во основните училишта на Тајван.

# Извори за водачите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Западноцентралната африканска дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

### Веб-страници

| | |
|---|---|
| САД: владина веб-страница | usa.gov |
| National Geographic | bit.ly/NatGeo_USA |
| Lonely Planet | bit.ly/LonelyUSA |
| Аљаска: државна веб-страница | www.alaska.gov/ |
| Alaska Tour and Travel | bit.ly/Alaska_Trav |
| Travel Alaska | bit.ly/Travel_AK |
| Аризона: државна веб-страница | az.gov |
| Visit Arizona | bit.ly/Visit_AZ |
| U.S. News & World Report | bit.ly/USNews_AZ |

### Адвентисти на седмиот ден

| | |
|---|---|
| North American Division | bit.ly/SDANAD |
| North Pacific Union Conference | npuc.org/ |
| Pacific Union Conference | bit.ly/SDA_PUC |
| Arizona Conference | bit.ly/SDAAriConf |
| Alaska Conference | bit.ly/AK_Conf |
| Arctic Mission Adventure | bit.ly/MissionAdventure |

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.




## СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Атлантска | 608 | 97 | 129,669 | 35,092,028 |
| Канадска | 394 | 81 | 74,191 | 38,764,000 |
| Колумбиска | 749 | 114 | 146,350 | 52,423,726 |
| Унија Лејк | 501 | 57 | 88,843 | 35,524,955 |
| Средноамериканска | 460 | 61 | 65,155 | 28,245,311 |
| Севернопацифичка | 448 | 61 | 102,187 | 15,767,445 |
| Пацифичка | 724 | 88 | 218,489 | 54,593,548 |
| Јужна унија | 1,182 | 212 | 273,793 | 67,989,900 |
| Југозападна | 590 | 109 | 120,347 | 43,266,088 |
| Дивизија (воена) | 1 | 0 | 30 | 0 |
| Приспоени полиња | | | | |
| Гвам-Микронезиска мисија | 22 | 12 | 5,715 | 415,000 |
| **Вкупно:** | **5,679** | **892** | **1,224,769** | **372,082,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Изградба на центар за влијание за локалното домородно население во Бетел, Аљаска (САД).
2. Изградба на мисионски центар за состаноци на Генералната конференција во Сент Луис, Мисури (САД) во 2025 година.
3. Изградба на центар на урбан живот и основање црква во Балтимор, Мериленд (САД).

# АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

## ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 4/2024

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**

Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:** Мелита Томовска

**Одговара:** Илија Киров

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА